СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 22 мај 1997 година

Скопје, мај 1997 година

**68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОДРЖАНА НА 22 МАЈ 1997 ГОДИНА**

1. АНДОВ СТОЈАН - 27, 32, 39, 41, 44, 46
2. НДАНЕВСКИ СЛОБОДАН - 1
3. ИВАНОВ ЉУБИСАВ – 43
4.Н КОЦЕВСКИ АЦЕ - 24, 25
5. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 3, 8, 13, 14, 23
6. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 25, 26, 27
7. РАМАДАНИ САЛИ - 16, 17, 18, 21
8. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 25
9. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 26
10. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 35, 38
11. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 3, 13
12. ФИТИ ТАКИ - 4, 7, 21, 47
13.  ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 22, 44

Дневен ред: стр.10, 11, 12

т. 1 на стр. 29
т. 2 " 31
т. 3 " 31
т. 4 " 32
т. 5 " 32
т. 6 " 41
т. 7 " 46

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 мај 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I со почеток во 17,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред се, да ве замолам за извинување што доцниме за почетокот на седницата, која беше укажана за во 11,00 часот денес, од причина што прво, неколку комисии работеа, поради непостоењето можност да се произнесат по точките што се на дневен ред вчера и завчера. Второ, или во текот на денот беа доставувани предлози и иницијативи за нови точки на дневниот ред, или ни беа најавени дека ќе бидат поднесени во врска што се со точките на дневниот ред, а кои што имаат суштинско значење, не само за третманот на точките на дневниот ред, туку воопшто за состојбите во РМ. Ве молам, ова извинуваше да го уважите.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Зошто не не известивте за тоа?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Затоа што еве сега пред малку го добивте материјалот, заради точката на дневниот ред.

I/2 ПЈ/ПН

Ја отворам Шеесет и осмата седница на Собранието на РМ.

Пратениците Кире Видимче, Благој Стојковски, Владимир Соколовски, Панче Насев, Симон Наумовски, Зоран Крстевски,Тодосија Паунов, Димче Настевски, Љубомир Чадиковски, Стојан Ковачевски и Јане Ангеловски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на РМ, г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на РМ, гувернерот на НБ на РМ, директорот на Агенцијата на РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Владата на РМ предложи предлогот на дневен ред за оваа седница да се дополни со предлог за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на делот од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, со предлог на закон.

Кој е за предлогот на Владата, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (16)

Кој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Вељо Тантаров, Благој Стефановски, Бранирод Михајловски, Славко Коцевски, Живко Коцевски и Живко Јанкуловски предлагаат на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за заштита и обештетување на штедачите во штедилницата ТАТ-Битола.

Предлогот на законот ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите на законот да ја образложи основаноста.... Меѓувреме, г-динот Најдовски се јави за збор, процедурално.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, пред некој од предлагачит да го образложи законот, не знам од кои причини во сценариото е пропуштено, а јас уште благовремено поднесов дека се приклучувам кон предлогот на законот и сега интервенирав кај службите и не знам зошто не е поделено и воопшто не е во сценариото Инаку, поднесено е благовремено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Приговорот на г-динот Најдовски се прифаќа.

Ви се извинувам, очигледно дека во моментов сега го добивме и сега тукушто се поделува. Веројатно, тука е направена грешка. Во секој случај се уважува приговорот на г-динот Најдовски

Молам, кој од името на предлагачите ќе образложи.

Г-динот Тантаров има збор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници. Случајот ТАТ ја потресе Битола, тоа добро сите го знаете, посебно го знаат битолчани, кој по втор пат во оваа деценија доживуваат ваква трагедија. Со оглед на тоа што предложениот закон од страна на Владата на РМ за обесштетување на граѓаните, односно на штедачите во штедилницата ТАТ, штедачите не го прифаќаат, затоа што со него не се решаваат проблемите на овие штедачи и на испустена Битола, јас и пратениците Живко Јанкуловски,

Благоја Стефановски, Славко Котевски, Бранирод Михајловски и Слободан Најдовски во името на здружението на штедачите од ТАТ со седиште во Битола, инаку на цела држава, го поднесуваме овој закон. Се надеваме дека со овој закон ќе има правично обесштетување на сите штедачи и овој закон го прифаќаат штедачите. Сметам како Собранието и овој пат треба да го слушнеме гласот на штедачите. Ние овој закон, односно законот што го предлага законот се носи за штедачите, тие не го прифаќаат и бараат нивниот закон денес да влезе во процедура. Веднаш да кажам дека во Битола во изминативе неколку години се собрани 10 илјади потписи од штедачите, за да се пушти во собраниска процедура овој закон. Од тие причини барам да го предложите влегувањето во процедура овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставникот на Владата да се произнесе, во врска со предлогот на групата.

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Вие знаете, почитувани пратеници, дека Владата на РМ подготви свој закон и благовремено го достави до Собранието. Еднаш беше одложена расправата по тој закон од простата едноставна причина што во тој момент тогаш имаше иницијатива од НВ на РМ за изнајдување на потенцијален санатор на состојбите во штедилницата ТАТ, меѓутоа како што и тогаш рековме и ветивме на таа седница, веднаш на следната седница на Собранието на РМ, ние ќе инсистираме да излеземе со овој закон, кој е подготвен во зависност од комплетните можности економски

на РМ и се разбира во склад со макроекономската политика и постојната стабилизациона програма. Според тоа, бидејќи Владата има сопствен закон, ние едноставно предлагаме овој закон да биде предмет на расправа, како што и Собранието претходно веќе го усвои. Владата не може да прифати да разговара сега по овој предлог закон, кој што е овде доставен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на група пратеници овој закон да се разгледа по итна постапка на денешната седница да крене рака.

18 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (21)

Кој се воздржува од гласање? (19)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Гувернерот на НБ на РМ поднесе предлог за разрешување на заменикот на гувернерот на НБ на РМ.

Кој е за тоа, предлогот на гувернерот на НБ да биде разгледан на оваа седница, молам да крене рака?

67 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање?(3)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Претседателот на РМ поднесе предлог за разрешување на гувернерот на НБ на РМ.

Кој е за тоа, предлогот на претседателот на РМ да биде разгледан на оваа седница, молам да крене рака.

66 пратеници гласаа "за".

Дали некој има против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Претседателот на РМ поднесе предлог за именување на гувернер на НБ на РМ.

Кој е за тоа, предлогот на претседателот на РМ да биде разгледан на оваа седница, молам да крене рака.

71 пратеник гласаа "за".

Дали некој е против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред а се дополни со предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Предлог на одлука за именување членови на посебната комисија за изготвување предлог аз именување декан на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кичево. Предлозите на одлуките ви се поделени.

Кој е за предлогот на комисијата, молам да крене рака.

71 пратеник гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот на комисијата е усвоен.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе барање Владата на РМ да изготви и на Собранието да му достави информација за мерките и активностите што се преземаат против организаторите на појавата на труење на школски деца исклучиво од албанско потекло во општина Тетово. Барањето е доставено до Владата на РМ. До денес ваква информација не е пристигната во Собранието.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Барањето на г-динот Стојановски пристигна во вчерашниот ден во Владата и во овој момент ние не можеме да дадеме информација, меѓутоа, благовремено ќе биде известен и пратеникот и Собранието за она што самиот пратеник го постави во барањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-дине Стојановски го прифаќате образложението? (да)

Пратеничката партија на ЛДП поднесе барање Владата на РМ да изготви информација за состојбите на македонска - албанската граница предизвикана од актуелните настани и таа да биде разгледана на оваа седница. Барањето е доставено до Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Прашањето е значајно и актуелно. Во текот на вчерашниот ден дојде ова барање за вакво тип на информации. Владата на РМ нас првата наредна седница, значи во понеделник ќе добие соодветна

информација и ќе расправа по оваа проблематика и на првата наредна седница на Собранието на РМ, ќе биде поднесена информацијата. Значи, се согласувате.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе барање Владата на РМ и на Собранието да му достави информација за состојбата на македонско - албанската граница, вклучувајќи ги општините Тетово,Гостивар и Дебар, предизвикана од актуелната состојба и таа да биде разгледана ан денешната седница.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Таки Фири.

**ТАКИ ФИТИ:**

Мислам дека станува збор, горе долу за ист вид прашање и на првата наредна седница ќе поднесеме соодветна информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Слободан Најдовски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со предлог одлука за дополнување на одлуката за основање на анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со извршените набавки од страна на министерствата и Владата на РМ од средствата на буџетот на РМ во 1994, 1995 и првите три месеци од 1996 година.

Кој е за предлогот?

Г-дин Најдовски има збор.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, дополнување на дневниот ред кој што го предложив, предлогот за не претставува ништо

посебно, туку претставува дополнување на одлуката што ја имавме за формирање на анкетна комисија која што работи за испитување на трошењето на средствата од Владата и министерствата од Владата на РМ за 1994, 1995 и првите 3 месеци од 1996 година.

Во досегашната работа на комисијата еден од најголемите проблеми со кои се соочуваме е проблемот да неблаговремено ги добиваме бараните податоци, кој што ни се од потреба за понатамошно извршување на работите на комисијата. Имено, во одлуката која што ја усвоивме минатата година стои член со кој што се обврзува анкетната комисија и членовите на анкетната комисија да соработуваат со министерствата и другите надлежни органи поврзани со оваа проблематика. Но, не постои ни еден член каде што би се обврзале и би се задолжиле Владата, министерствата и другите надлежни органи ан анкетната комисија да и ги доставуваат бараните податоци. Од тие причини ние имавме став на комисијата дека е потребно да се надополни одлуката со еден ваков предлог. Денес имавме и разговор со рпетседателот на Собранието и разговаравме дали тоа треба да оди нас некоја од комисиите, пред се на ЗКП и претседателот на ЗКП во разговорите кој што после тоа јас ги обавив, ме извести дека нема потреба и дека би било дури и пожело една ваква одлука да се усвои и да се надополни. Затоа, сметам дека пратениците ќе го поддржат овој предлог и само ќе придонесеме за пуспешно работење на анкетната комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот да крене рака.

72 пратеника гласаа "за".

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Координаторот на пратеничката група на ЛДП пратеникот Аце Коцевски на минатата седница побара Владата на РМ да достави информација за опасностите со ширењето и користењето на дрогата и преземените мерки за нивно спречување.

Владата на РМ достави информација за сузбивање на илегалната трговија со дрога и злоупотребата на дрогата и предлага Собранието да ја разгледа оваа информација.

Кој е за тоа информацијата да биде разгледана на оваа седница да крене рака?

67 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предолгото е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, со предлог на закон.

2. Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за одбрана.

3. Годишен извештај на НБ на РМ за 1996 година.

4. Предлог на одлука за потврдување на годишната сметка на НБ на РМ за 1996 година.

5. Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на НБ на РМ за 1997 година.

6. Предлог за разрешување на заменикот на гувернерот на НБ на РМ.

7. Предлог за разрешување на гувернерот на НБ на РМ.

8. Предлог за именување гувернер на НБ на РМ.

9. Предлог на автентично толкување на член 6 од Законот за изменување на законот за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања на земјиштата во општествена сопственост ("Сл. весник на РМ" бр.45/91).

10. Барање за давање автентично толкување на член 5 од Законот за локалните избори ("Сл. весник на РМ"бр.46/96), поднесено од Советот на општината Радовиш.

11. Извештај за работењето на Агенцијата нас РМ за трансформација на претпријатијата со општествен капитал во 1996 год.

12. Предлог на одлука за именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола.

13. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката, во Советот на Архитектонскиот факултет во Скопје.

14. Предлог на одлука за именување членови на посебната комисија за изготвување предлог аз именување декан на Архитектонскиот факултет - Скопје.

15. Предлогот на одлука за избор на членови во Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар- Кичево.

16. Предлог о длука за дополнување на одлуката за основање на анкетна комисија за разгледување на прашањата во врска со

извршените набавки од страна на Министерството и Владата на РМ од средствата на Буџетот на РМ во 1994/1995 година и првите три месеци од 199 6 година.

16. Информација за сузбивање на илегалната трговија со дрога и злоупотреба со дрогата.

Дали има предлози за изменување и дополнување на дневниот ред?

II/1/ДВ/лј

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пртеници со оглед на тоа што штедачите од Штедилницата ТАТ не го прифаќаат законот што го понуди Владата за нивно обесштетување и обештетување на штедачите од АЛФА-С и Лавци предлагам Предлог законот на Владата да се симне од дневен ред.

Симнувањето на Предлог законот од дневен ред го барам и заради следниве причини.

Прво, во ТАТ има судско вештачење што коренито ги менува состојбите на активата и пасивата.

Второ, денес ние ке гледаме закон за кој немаме комплетна информација од НБМ за извршената контрола во ТАТ односно Информација која требаше да биде доставена до нас пратениците.

Трето, понудениот закон не ги решава проблемите на штедачите од трите штедилници во кои штедачите настрадаа.

На крајот сакам да кажам и тоа дека штедачите од ТАТ и другите штедилници не се виновни за се она што се случи со нив. Државата има обврска да ги штити своите граѓани од разни криминали афери, мито и корупција. На овој план тие не се заштитени. Токму затоа ве молам, господа пратеници да ги прифатите овие аргументи и да гласат за симнување на законот за обесштетување на штедачите од овие штедилници што ги предложи Владата на РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Слободан Најдовски.

Ве молам, можете да се јавите за збор само ако имате процедурално прашање. Инаку, расправа не отвораме.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Навистина ќе биде процедурално ова мое излагање затоа што сакам да го изнесам својот став како ќе гласам заради тоа што во спротивно претседателот ќе рече нема расправа по оваа точка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа не е моја желба г-дине Најдовски. Тоа е деловничка обврска.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас излегов да го објаснам мојот став и како ќе гласам за предлогот на г-динот Тантаров.

Имено го поддржувам овој предлог и ќе гласам за, да се симне точката од дневен ред, покрај причините што ги наведе г-динот Тантаров и една од најглавните причини.

Имено, очигледно е дека состојбите околу ТАТ и околу штедилниците во РМ, предизвикаа бурни реакции во јавноста и пошироко.

Јас на минатата седница барав по однос на ТАТ да се изготви комплетна информација за постапките кои се водени во ТАТ, начинот на кои е вршена контролата во ТАТ, начинот на кој што е создавана ТАТ контролите кои се вршени по однос на данок во ТАТ и ред други работи. На крајот барав пратениците од овој парламент да го имаат при себе и комплетниот извештај од контролата на НБМ во штедилницата ТАТ.

Бидејќи беше речено дека е тоа службена тајна, јас би молел тогаш Владата и НБМ нека изнајдат начин како ќе ни го достават на нас пратениците и како ќе расправаме по тој извештај. Од тие причини би го поддржал овој предлог на г-динот Тантаров и сметам дека не треба да го гледаме овој закон.

Уште повеќе со расправата по овој закон, мислам, предлагачот и некои намерно сакаат да ја заострат состојбата и да предизвикаат конфликтна состојба. Сметам дека од тоа во овој момент немаме потреба.

Јас г-дине Тантаров и г-динот Стојановски разговаравме денес со дел од штедачкиот одбор. Тие се волни уште еднаш, заедно пратениците, Владата, НБМ и сите да седнеме и да поразговараме и да изнајдеме заеднички начин за надминување на состојбата.

Сметам, само, согласно она што политиката на државните органи, на Владата и на сите кои што велат, пред се преку разговори и договори сме спремни да доаѓаме до заеднички решенија сметам дека и во оваа прилика треба да собереме сили и уште еднаш да седнеме со тој штедачки одбор, да седнат претставниците на Владата, бидејќи како што ни изнесе претставник на штедачкиот одбор им било ветено дека ќе се разговара од страна на премиерот веднаш по завршувањето на ревизијата односно контролата на Народната банка. Тие барем како што ни изнесоа на нас откако е извршена контролата, повеќе со премиерот не седнале да разговараат, Затоа би ве замолил уште еднаш да размислиме, дајте да седнеме со тие луѓе да разговараме да се вклучиме сите што е можно повеќе на најмирен начин да ја разрешиме ситуацијата. Во спротивно ќе сметам дека некој навистина сака да предизвика поголеми конфликти.

И на крајот и со ова би завршил е следното.

Сметам дека уште една причина да се симне овој закон од дневен ред денес се овие состојби што деновиве се случуваа. Имено Комисијата пред неколку дена го одложи од расправа на својата седница така да немаме ни расправа во матичната комисија за финансии ни буџет. тоа е уште една од причините што не принудува овој закон ние денес навистина да го симнеме од дневен ред и да изнајдеме сили и заеднички да најдеме подобро решение. Да ги согледаме и оние предлози што ги предлагаат во законот штедачите, и тој има недостатоци. Но, заедно да видиме и да дојдеме до едно заедничко решение.

II/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Сали Рамадани има процедурално прашање.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во името на мојот електорат во Кичево, во името на мојата партија за демократски просперитет на албанците, а сметам дека го делам и мислењето на сите оштетени и не оштетени штедачи во сите штедилници во Република Македонија, сметам дека го делам и мислењето на апсолутното мнозинство на граѓаните од цела РМ и најостро протестирам и барам, предлагам од дневниот ред на оваа 6 8-ма седница на Собранието на РМ, да се симне точката и секако да се симне предлогот за донесување на закон за обезбедување, наводно, на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувачката на граѓаните по основ на штедни влогови, со предлог на закон. И да се очекува и секако да се очекува предлог на закон од оваа иста материја, само по сериозен, поточен, објективен и прав предлог на закон, предложен од страна на штедачите на штедилницата ТАТ, со кој се солидаризирам потполно.

Кратко образложение.

Штедачите на штедилницата АЛФА-С исто така не го прифаќаат овој предлог за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови со предлог на закон, кој на 7.04.1997 година, поднесе свој предлог до Владата на РМ, кој е идентичен со предлогот на законот на штедачите на ТАТ, кој е прав предлог на закон за правилно вистинско и целосно обесштетување на граѓаните без никакви консеквенции, без манипулирање и не на штета не само на штедачите туку и на другите граѓани во РМ. Тоа е прво, за да не излегувам, двапати.

II/5.-

Второ, на минатата 67-та седница на Собранието на РМ, предложив да се стави на дневен ред точката - барање за поднесување информација од Владата на Владејачката партија на РМ во врска со употребата на националното знаме на албанците во некои општини, Тетово, Гостивар, Осломеј, Зајас итн. И за преземените мерки за истакнување на истото знаме и во другите општини, вклучувајќи ја и мојата општина Кичево, каде албанците живеат во мнозинство или во како релативен број /што е санкционирано во актуелниот ^став на РМ и во Законот за локална самоуправа, како и за активностите и преземените мерки на прекршочните пријави и повлекување на прекршочните пријави и повлекување на таканаречени повикувања на информативни разговори дури и на некои градоначалници и советници албанци. Меѓутоа одговорот од Министерот за надворешни работи беше дека на идната седница ќе биде доставена информација.

**ТИТО ПЕТКОВКСИ:**

Го-не Рамадани. Вие во оваа фаза имате право да кажете само како ќе гласате и зошто така ќе гласате?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас предлагав нова точка на дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, за тоа ќе ви дадам право, а вие излегувате на говорница во врска со ова, со ТАТ.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Значи, сакате да излезам по втор пат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе излезете и ќе кажете но, после.

Ве молам, кој е за предлогот на г-динот Вељо Тантаров да крене рака? (19).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

II/6.-

Има збор г-динот Сали Рамаднаи.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова не е прв пат да се бара да се симне една точка од дневен ред и да се предлага друга. Тоа е трет или четврти пат. Вие само денеска ме прекинавте а сега ќе продолжам таму кај што застанав.

Значи, се зборуваше дека се повикани на информативни разговори дури некои градоначалници и тоа јаки градоначалници на јака партија, како што е во Тетово и Гостивар. И некои советници Албанци во некои општини, иако за употребата донеле одлуки токму советите на поедини општини додека подрачните министерства за внатрешни работи т.е. полицајците ја злоупотребувале службената должност.

Вашиот министер за надворешни работи д-р г-дин Љубомир Фрчковски во името на Владата на минатата седница изјави дека ќе биде поднесена на една од наредните седници или за наредната седница. Значи за неодредено време како и секогаш, а на редната седница е оваа седница.

Ако не:е поднесена информацијата ни за оваа седница барам да се прецизира точно дали ќе биде поднесена на идната седница.

Мојата тогашна констатација дека, цитирам од стенографските белешки "може да се дојде до криза за која јас не сносам никаква одговорност ни морална ни материјална", се оствари токму вчера, а изгледа и денеска или пак како што се најави преку телевизија ќе биде утре. Имено, според средствата за јавно информирање вчера Уставниот суд на РМ, покрај тоа што поведе постапка за оценка на уставноста и законитоста на одредбите на статутот на општина Гостивар~врз чија основа пред зградата на општината, покрај државното се истакнати и знамињата на албанската и турската националност изрекле и времена мерка за запирање на овие дејствија, бидејќи ваквата одредба излегува од рамките на законот за употреба на знамињата. Во иднина ќе

биде можно само истакнување на државното знаме и тоа во точно определени случаи, при празнување на државни празници, при прослави и свечености, при масовни, културни и спортски манифестации и при празнување на граѓаните.

Според уставните судии националностите немаат право на употреба на свое знаме, затоа што важечкиот закон за употреба на знамињата, донесен во 1973 година, има одредби кои со уставните амандмани од 1989 година, престанале да важат. Според тоа не постои законска основа з а употреба на знамињата на националностите.

Времената мерка важи од вчера па се до донесувањето на конечната одлука што најверојатно ќе се случи по два месеца а се однесува само за општина Гостивар, чии градоначалник Руфи Османи, писмено го предупредил Уставниот суд дека, доколку донесе ваква мерка кќе биде одговорен за ескалацијата на меѓунационалните односи.

Јас конкретно освен што барам информација од Владата веднаш сега, предлагам да се излезе од овој ќорсокак, од оваа ситуација. Не е доволна ниту информацијата, ниту вчерашното мислење на Уставниот суд, туку под итно и најитно, било Владата било група пратеници, мене ми треба само пауза ако треба од пола час  било тоа само со еден член, да се среди, да се разреши овој проблем и точно да одлучиме во овој законодавен дом како ќе биде понатаму со употребата на знамињата на националностите. Само на кратко да се знае затоа што утре може да ескалира состојбата може да ескалира состојбата во Гостивар.

Ние з наеме по Уставот дека одлуките и решенијата на Уставниот суд се конечни и мора да се извршат. Меѓутоа, и советот на поодделни општини, во овој случај и градоначалникот, ни мојата партија, и сите ние албанците до еден, како пратеници, и сите албанци во Македонија сме доследни во"тоа, употребата на нашето не албанско знаме туку национално знаме на Албанците затоа што државно знаме на Република

II/8.-

Албанија не постои посебно туку случајно коинцидира со такво знаме, а ова знаме може да го презе билот која држава во светот. Значи барам, да се предложи нов закон и тоа да се среди. Значи тоа не е знаме на националност туку тоа е национално знаме од кое повлекување на албанците нема. Затоа барам да се среди оваа ситуација и да ги надминеме овие проблеми со една мала работа, со една добра волја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој од претставниците на Владата ќе се произнесе по овој предлог од г-дин Рамадани.

Ве молам, побарана е информација за употреба на знамињата од г-дин Сали Рамадани на претходната седница и добиена е информација од Владата дека на една од наредните седници ќе се даде таква информација.

Има збор г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас за жал не можам ништо повеќе да кажам од она што министерот Фрчковски кажа на претходната седница и само да потсетам, во ресорното министерство во подготовка е закон за употреба на знамињата на националностите и во оној момент кога тој ќе биде готов ќе биде пуштен во нормална процедура. Се работи брзо и мислам дека ќе биде за кусо време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Сали Рамадани, дали се согласувате со овој одговор на Владата?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој не е никаков одговор, дека е во процедура некаде,може да биде после еден или два месеци, а состојбата може да ескалира во секое време. Значи, предлагам, не само информација туку да се предложи и закон и те како по итна постапка. Инаку, сносиме сите како дом законодавна одговорност. Знам дека не може, штом не е во состојба сега,а тој што предложи Фрчко, веќе не е никаде, и, Ве молам проблемот е

III/2.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не го повлекувате предлогот, да го ставам на гласање?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

(Од место) не мора да оди на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој пратеник сака да предложи изменување и дополнување на дневниот ред. (Не).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен. Има збор г-дин Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа заради потребата и важноста на точките односно предлог на законот за обесштетување на штедачите и неговата поврзаност во врска со извештаите од Народната банка, предлагам измена на редоследот од дневниот ред. И, тоа , како прва точка Годишниот извештај на Народната банка на Република Македонија за 1996 година

2. Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на РМ за 1996 година

3. Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на РМ за 1997 година

4. Одлука за разрешување на заменик гувернерот на Народната банка на РМ

5. Одлука за разрешување на гувернерот на Народната банка на Република Македонија

6. Именување на гувернер на Народната банка на РМ

Како седма точка законот за обесштетување и натаму како следат точките.

Со ова мислам дека и она барање на г-динот Најдовски кое беше дека треба наредните денови да се разгледува овој закон , мислам дека се обезбедува, тоа значи дека во продолжението на оваа седница ќе се гледа законот за обесштетување на штедачите. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Најдовски, реплика.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ.**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас не знам која му беше намерата на г-динот Џаферовски, но поврзувајќи го моето име со тоа дека се исполнува она мое прво бараше што го имав , ќе го исполневте ако креневте рака "за". Вие не кренавте рака "за" ниту кренавте "против", што значи сега имате друго сценарио и не сакам моето име да го поврзувате со ова сценарио кое што сега го предложивте. Кога јас предложив ако кренавте рака тогаш ќе бевте за моето барање, а сега не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

ве молам, прво да гласаме за дневниот ред, бидејќи никој од пратениците не предлага поставување на нови точки , кој е за предложениот дневен ред нека крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (14)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Кој е за предлогот на г-дин Џаферовски за редоследот на точките на дневниот ред како ќе ги разгледуваме, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (11)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Процедурално има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, бидејќи подготовките и со седниците на работните тела на Собранието , а и за денешната седница се одвиваа по некој необичаен тек, во име на пратеничката група на Либералната партија предлагам да се измени редоследот на точките од дневниот ред на денешната седница од следните причини:

Прво, Годишниот извештај на Народната банка на РМ за 1996 година, предлогот на одлуката за потврдување на Годишната сметка на НБ на РМ за 1996 година и Предлогот на одлуката за потврдување на Финансискиот план на НБ на РМ за 1997 година не се гледани од надлежните матични комисии во Собранието на РМ затоа што до вчера не беше стигнато мислење од Владата на РМ по овие многу значајни документи. Од тие причини сметам дека е неопходно бидејќи влегува во дневниот ред да се одложат за поназад во дневниот ред за да може во меѓувреме по добивањето на мислењето од страна на Владата на РМ надлежните собраниски тела да ги разгледаат и да дадат соодветно мислење до Собранието на РМ.

Од слични причини исто така, предлагам Предлогот за донесување на закон за обезбедуваше на средства во форма на кредит за предвремена исплата на делот од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови со Предлог на закон, предложен од Владата на РМ да се помести поназад во дневниот ред за да може во меѓувреме матичната комисија за Финансирање и буџет да одржи седница и да достави мислење до Собранието на РМ.

Благодарам.

Кој е за предлогот на г-дин Коцевски, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Г-дин Стојановски, процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и колеги пратеници, со оглед дека очигледно имаме напорен ден и одговорен дневен ред би дал еден компромисен предлог , и Ве молам да го сфатите најискрено и најчесно. Ние вечерва да изгласаме она што значи разрешување и именување на гувернер и со тоа бидејќи сме цел ден тука седницата да ја прекинеме и да ја продолжиме идната недела во поволен термин при што сите овие интервенции практично ќе бидат вградени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

е молам, веројатно дека не треба да гласаме за овој предлог, ако евентуално г-дин Стојановски предлага нов редослед во точките на дневниот ред. (Некој од пратениците дофрлува нешто од место). Не, немојте предлогот е сериозен и апсолутно не станува дискусија, туку мислам предлогот на г-дин Џаферовски е умесен од причина што во постојниот извештај доколку дојде до разрешување на гувернерот и изборот на нов гувернер е подготвен од сегашниот гувернер од НБ и не логично би било да го гледаме извештајот, па потоа да одиме на другите точки во врска со изборот и разрешувањето.

Г-дин Коцевски, процедурално.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Бидејќи мнозинството од пратениците во Собранието на РМ со претходното изјаснување грубо прекршија некои веќе изградени

принципи на работа во Собранието на РМ и основни принципи на демократска процедура што се одгледува со фактот дека треба да расправаме за одредени точки на дневен ред за кој не расправале матичните комисии,не дала мислење Владата на РМ, предлагам пауза до утре во 11,00 часот заради новонастанатата ситуација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, Владата не е задолжена според законот за НБ да дава мислења во врска со извештајот до Собранието. Според тоа, комисиите апсолутно имаат можност досега да расправаат откако е доставена точката за дневниот ред на Собранието. А од другата информација односно по другиот извештај за работа на Агенцијата за приватизација имате мислење од Владата бидејќи тоа е обврска на Владата. Според тоа, не можам да го уважам овој предлог, ова барање на координаторот на пратеничката група (некој реагира од место) па, јас Ви одговарам дека не можам да го уважам тој предлог.

Г-дин Станковски процедурално.

Па, цел ден паузираме . Барате процедурално.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе мислам дека пратеничката група на либерално демократската партија има легитимно и деловничко право да побара пауза и Вие таа пауза да ја почитувате и да донесете одлука да ја имаме.

Друго апсолутно го кршите деловникот кога пуштате материјали за разгледување пред ова уважено Собрание кои не поминале , како што рече г-динот Коцевски со матичните комисии. Ние ќе гледаме материјали вака, директно без да се изјаснат комисиите. Тоа е нонсенс и мислам дека целата јавност треба да знае дека пратеничката група на ЛДП бара оправдано пауза за да можат сите овие процедури да поминат нормално и Собранието да носи легитимни одлуки.

III/7.-

Ве молам, во овој случај, тоа апсолутно не постои. Комисијата, матичната комисија го гледаше овој извештај на дневен ред и констатира дека поради отсуство на мислеше на Владата не сака да го разгледува. Владата нема обврска по законот да доставува мислење на Собранието по оваа точка. За другите точки кои што се на дневен ред имаме овластен предлагач и нема обврска ниту надлежност, ниту едно матично тело да расправа по другите точки.

Г-дин Андов, процедурално

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, Владата на РМ точно е тоа дека нема по законот за НБ задолжение да дава мислење по извештајот за Народната банка, но Владата на РМ и по другите закони нема обврска да дава мислење по материјалите кои се од области што се уредени со други закони. Обврската на Владата произлегува од Деловникот, овде по кој ние работиме. И, Владата како одговорна по Уставот за состојбите во државата треба да даде мислење по сите предлози кои овде доаѓаат и затоа во Деловникот е таа овластена и се смета на неа дека таа треба да даде мислење.

Се разбира, јас се согласувам негде можеби тоа мислење и не е неопходно, има и такви материјали, но овде се работи за извештај на НБ, тоа е од многу големо значење и затоа е многу важно и многу е добро и Владата не мисли дека не треба да дава мислење, туку дала мислење и тоа мислење треба да биде во работното тело каде што треба да се расправа за извештајот, а таму не се расправало за извештајот. И верувам дека само корист ќе има Собранието ако постапи по овој предлог.

Второ, ние еве навистина цел ден седиме овде, меѓутоа морам да кажам пратениците на пратеничката група од ЛДП немаме никаква информација за тоа што седиме денес, а колку што знам пратеничката група на СДСМ имаше некои координации, седници и т.н. за што тековно беше информирана за тоа зошто се седи. Мислам дека тоа не е добро така да се работи во Собранието и затоа Вие што сте можеле да изградите став по сите тие прашања, ние не сме можеле, сме ги имале тие прашања, тие материјали овде ни ги поделија и сакаме се разбира да ги погледаме, нормално е тоа.

А сега друго, јас верувам дека веројатно е незгодно кадровски прашања од ваков карактер, како што е сега избор ан гувернер, разрешување на постојниот може не е поволно да се одлага за утре, меѓутоа јас морам да Ви кажам извештајот на НБ не е тој материјал од кој произлегува предлогот за разрешување на , и Вие тоа го знаете добро, на гувернерот. Гувернерот сам бара да биде разрешен. Тоа е негово барање. тоа не може да го промени било каква наша расправа за извештајот. Исто така гувернерот во полн капацитет како што си е предложил разрешување на заменикот и тоа воопшто не зависи од извештајот. Дали ние вака ќе разговараме или нема да разговараме на тој начин. Затоа предлагам има врска, се разбира со дел од извештајот за контролите што се таму дадени, меѓутоа ние го немаме извештајот од супер визијата за "ТАТ" тоа е друго прашање дали денес за тоа можеме да расправаме и тоа е прашање во расправата што би се покажало по предлозите за разрешување, ако имаме таква расправа, а не априори ние сега да правиме така, не треба да ги уврстиме тие точки ако ние мислиме така, оти целосна слика ние сеуште немаме. Меѓутоа ги уврстивме и дневниот ред легално усвоен.

Не се губи ништо ако ни овозможите по овие точки по кои се расудува за тоа како е остварувана политиката во областа што е

содржана во извештајот на НБ., да видиме што стои во мислењето на Владата, да видиме што ќе кажат нашите специјализирани членови во комисиите и кое мислење ќе се изгради од комисијата да утре можеме да седнеме и да разговараме по тие важни прашања.

Не е ништо нашиот предлог да нешто задржи, одлагаме и спремни сме сега кадровските прашања денес да ги разрешиме да не правиме непотребни тензии во државата околу тие прашања, во јавноста да не се прават , а по овие точки да расправаме утре во една постапка во која Собранието има одлучено по Деловникот да треба да се расправа.

Тоа е нашата причина.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, прво за редоследот на точките гласавме, а по однос на паузата јас го кажав своето мислење, и мислам дека не го прекршувам Деловникот.

Минуваме на првата точка од дневниот ред, тоа е

Годишен извештај на Народната банка на Република Македонија за 1996 година.

Годишниот извештај Ви е доставен.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието го разгледа и поддржа Годишниот извештај на НБ на РМ за 1996 година.

III/10.-

Овој заклучок заедно со стенографските белешки да се достави до Народната банка на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (61 пратеник гласаа за).

Дали некој има против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (17 пратеници).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1996 година.

Годишната сметка на Народната банка ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (55 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (15 пратеници).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Република Македонија за 1996 година.

Минуваме на точката 3 - Предлог на одлука за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1997 година.

Финансискиот план на Народната банка ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(58 пратеници).

Дали некој има против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (12 пратеници).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1997 година.

Минуваме на точката 4 - Предлог за разрешување на заменикот на гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

Предлогот ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Томе Неновски е разрешен од функцијата заменик на гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Минуваме на точката 5 - Предлог за разрешување на гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

Предлогот ви е поделен. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, драги колеги, ние сега еве имаме предлог од претседателот на Републиката од овластениот предлагач да го разрешиме досегашниот гувернер господинот Борко Станоевски. Господинот Борко Станоевски како што знаете најави и сам дека ќе

побара разрешување и го побара на еден начин кој можеби е и правилно вака, инаку можеби ќе беше подобро ако мислеше да си оди сам да поднесе оставка до Собранието. Меѓутоа, можеби и заради потребата истовремено да биде разрешен гувернерот и да се бира нов гувернер, тоа го направил иако се разбира многу полесно и понепосредно би се однеле спрема неговиот чин ако тој се обраќаше директно на Собранието. Вие како што знаете причините за неговото разрешување се содржани во неговото писмо до претседателот и тоа само како прилог овде е упатено и немаме директно објаснување зошто, немаме обраќање директно на Собранието зошто се презема овој чин. Меѓутоа, мислам дека веќе во јавноста е создадена една атмосфера и тоа е на некој начин веќе свршен чин. Се очекуваше точно кога тоа треба да се стори. Во тој поглед господинот Станоевски овој чин го повлекува кога во склад со Законот за банките и штедилниците ја завршува својата обврска по аферата "ТАТ", покренувајќи го прашањето на стечајот на штедилницата. И тоа сигурно е дека од негов аспект е на време покрената оваа постапка. Меѓутоа мораме да кажеме дека ние оваа одлука можевме да ја донесеме на 59-та седница за да го ослободевме од тие напори сам да непосредно ја контролира супервизијата, но тогаш ќе беше ослободен и од можните сомневања за влијание на се она до што дошла супервизијата. Се разбира кога тој чувствува вина и сам мисли дека тоа е доволна вина за да биде разрешен сосема е спротивно на тој аршин на моралноста неговото останување во меѓувреме и можноста да има влијание на текот на супервизијата. Мислам дека тоа е еден од елементите на нејаснотиите што го прекрија и го прекриваат понатаму случајот со штедилницата "ТАТ". Ние читаме во весниците, го немаме извештајот на супервизијата, се разбира читаме во весниците дека^разликата меѓу пасивата и активата е околу 80 милиони марки. Никој од органите не спомнуваат можност на грабеж, никој не може да

го објасни тој недостаток, на пари, огромен недостаток на пари, и треба да видиме во грав да видиме некои објасненија за тоа. Другите актери во истражувањето се потпираа на супервизијата, но имаа прилика органите на Министерството за внатрешни работи независно од другите органи да дојдат до документи и податоци кои беа многу значајни за текот на истрагата и недостатокот на докази, недостатокот на аргументи, факти и аргументи за кои стално сега се зборува за тој недостаток се повеќе е јасно дека делумно може да се обвини раководството на "ТАТ" што водело, хаос било во неговата документација, но се повеќе и оние органи кои имаа можност да манипулираат со документите. Затоа еве сега ние кога го расправаме ова прашање за разрешување на господинот Борко Станоевски останува една непријатна атмосфера, едно чувство на непријатност дека органите овде не направија тоа што требаше да го направат дека целокупната машинерија на државата се покажа јалова и дека сега ние мораме да одиме во понатамошните точки кај Законот да бркнеме рака во џебовите на граѓаните за да можеме барем дел да им вратиме на штедачите. Ова сакав да го на- поменам како еден факт кој не става сите нас овде во една непријатна положба, исто така и господинот Гувернер.

Од друга страна, сакам јас овие вакви наши разделби кога ни се случуваат поради објективни околности и такви ќе ги има се разбира човек ќе дојде, ќе си оди и тн., да го искористам овој момент и да кажам дека очигледно во оваа област каде што се расцвета организиран криминал во областа на штедилниците која ја зафати таа област, ние имаме и на други места целокупната машинерија што беше создавана во Народната банка и нашите клучни кадри не покажаа доволно искуство и вештина да се спротивстават. И тоа е причината што господинот Станоевски посака сега да биде разрешен. Сакам да сум убеден дека е тоа причината. Меѓутоа, сакам да ја искористам оваа прилика да кажам,

можеби некој тоа погрешно ќе го разбере, но мислам ние сепак треба да бидеме објективни и да ги почитуваме и добрите страни на активностите на луѓето, дека ние денес разрешуваме од местото гувернер еден човек кој направи некои пропусти во работата за кои носи консеквенции и ако некој не ги знае и за тие нека носи консеквенции, но во своето работење се покажа како добар професионалец во другата област, во монетарната област. Тој имаше клуч на улога во воведувањето на нашите пари во владеењето со паричниот систем во земјата и мислам дека во тој поглед треба да му се оддаде и одредено признание од сите нас дека во едни услови предодредени како хаотични во почетокот во делумното создавање на ред и тертип како што викаат, тој има и бележи придонес и не треба преку тоа да прејдеме. Овие работи сакав да ги нагласам. Мислам дека ние нешто значиме само ако имаме образ и објективно расудуваме и за лошите, но и за добрите работи и господинот Станоевски сам си пресуди за тоа што го мислеше дека е негова вина, ние тоа го прифаќаме, а за ова другото ние и утре за неговиот успех во работата во оној дел каде што тој успеа и утре ќе можеме да го сретнеме како секој наш познат човек, виден човек во државата, така што после одењето од одговорна функција придонесите си остануваат трајни, слабостите се бележат и тие што да правиме, луѓе сме, имаме и слабости, тоа е така. И сакам ако со ова можам да помогнам да воведеме еден ред во нашите односи, тоа би било добро.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас почитувани пратеници бев инспириран од претходната дискусија да се јавам за збор. Инспириран во негативна смисла за жал,

затоа што расправајќи по точката на дневниот ред во овој момент која е на седницата на Собрание денес и сега се потсетив на моментот кога го избиравме гувернерот господинот Борко Станоевски за гувернер на Народната банка на Република Македонија, некаде околу пред две години исто во оваа сала и во овој состав. И тогаш бев во некоја функција на претседател на Комисијата за избори и именувања. А господинот претходен говорник беше во функција на претседател на Собранието на Република Македонија и во согласност со новите одредби на Законот и Уставот на Република Македонија, работејќи по стариот Деловник за жал и денес на Собранието на Република Македонија кој беше патем да споменам, беше спомнат во претходната дискусија за расправа по утврдување на дневниот ред како клучен аргумент за недемократското изјаснување на добар дел од пратениците по однос на барањето да претходно по извештаите од Народната бан ка да се расправа на Комисијата за финансирање и буџет. Дојдовме така да речам до првото недоразбирање со претседателот на Собранието во врска со Предлогот за именување на гувернер кој се најде на нашите клупи овде непосредно директно на самата седница,кој ни беше поделен од овластениот предлагач согласно Уставот и Законот тоа е претседателот на Републиката. Да понатаму тој проблем се прошири на исто така други прашања за кои лично како претседател на Комисијата за избори и именувања, а понатаму и самата Комисија изгради став дека Комисијата за избори и именувања е дезавуирана во дел од своите надлежности, или конкретно да кажам да дава мислење и по однос на предлозите кога предлагачи со Устав и со Закон се други овластени институции, освен Владата, или пратеници и тн. По таквиот повод и по таквите неколку поводи во неколку наврати со писмен допис кој постои во архивата на Кабинетот на претседателот на Собранието, Комисијата за избори и именувања беше известена дека надлежен за Деловникот е

претседателот на Собранието на Република Македонија. И дека тој го толкува на таков начин Деловникот и така постапува ќе постапува во сите случаи за кои ако можам слободно да кажам да интерпретирам со закон, или со Устав е утврден друг предлагач, освен Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија. Во таа смисла и се работеше понатаму и покрај изградениот став на Комисијата и е упатен до претседателот на Собранието да претседателот на Собранието кога пристигаат предлозите до него како во секоја друга редовна постапка кога предлагач е Владата, или друг овластен орган со закон или устав како што ги доставува предлозите до другите работни тела на мислење, да ги доставува на мислење и до Комисијата за избори и именувања. До крајот на мандатот на господинот претседател на Собранието тоа не се случи, не беше испочитуван тој став на Комисијата за избори и именувања.

V/1.-ПЈ/ЉР

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

И во таа прилика Собранието се изјасни по овој предлог тогаш кога го именувавме г-динот гувернер на Собранието без никаква претходна расправа, комисиска расправа. Тука би застанал и би кажал дека со ова не мислам да кажам дека ние во тогашната одлука што ја донесе Собранието за именување на г-динот гувернер, погрешивме како Собрание. Напротив, мислам дека резултатите што се покажаа во сферата на делување на Народната банка на РМ и што неколкукратно ние како извештаи ги усвојуваме за таа работа, ние верифициравме неговата работа како висококвалитетна во тој период. Ова Собрание се однесуваше малку релаксирачки во поглед на работата на НБ на РМ, од она што беше постигнато на планот на стабилност на монетарната сфера во РМ. И тоа беше евидентно.

Во делот од контролната функција што се водеше непосредно во последниот период што требаше да ја врши НБ на РМ се покажаа оние слабости за кои ние дискутиравме во овој претходен период и за кој веројатно допрва ќе дискутираме и допрва кесе влечат некој последици. Ова го кажувам за волја на вистината , како што рече претходниот говорник, за да некој работник еве кога некои луѓе треба да си заминат од своите именувани функции, а вложиле одреден труд, со од една страна позитивна медаља, со една страна навистина напластени проблеми, кои во целост ја здрмаа состојбата во РМ. Мора да се каже дека барањето за разрешување на г-динот гувернер е пред се барање јас како што го гледам предизвикано најпрво, од објективната одговорност што ја носи г-динот гувернер како прв човек на НБ и со овластувањата што ги има согласно законот за НБ на РМ за кој ова Собрание му даде целосни потполни автономни овластувања во таа сфера и за кои

постоеше целосен концаензус кај сите политички партии, а и во барањето на претставниците на тогашната НБ да се има се со цел да се постигне одредена стабилност во делот на овластувањата што ги врши НБ на РМ. Мислам дека таа објективна одговорност во конкретниот случај по мое мислење, треба да се прошири и на другите органи, како што рече и претходниот говорник, во НБ на РМ, пред се , мислам на Советот на гувернери на НБ на РМ, затоа што барем досега до овој момент, исто така, постои исто така каменот на објективната одговорност. Јас во целост се согласувам со претходниот говорник по тоа прашање што беше искажано. Само сакав дел од овие појаснувања кои ми се наметнаа, слушајќи го внимателно претходниот говорник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? Г-дин Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, прво да ги појасниме овие, мене ми е жал што толку долго две години и повеке го мачеле г-динот Стојановски, па сакам да ги објаснам. Навистина тој во овој состав ова писмо го прифаќаше Собранието. Но, не беше по гувернерот упатено, туку политичкиот судски совет бараше да се разјаснат работите. Па според тоа ние заседовме став во ова Собрание, дали некому му е право или не, заради поделбата на власта, на извршна, судска и законодавна, се она што не е изворно,правно, на избори и именувања на Собрание, туку кои Собранието ги бира по предлог со Уставот од овластен предлагач, да не мине низ тие од три, да не излезе дека листата од Владата, што ќе је предложи премиерот за секој министер Комисијата да расправа, оти ќе

биде непријатна работа, тоа не е добро, тоа го има тоа право и тука судскиот совет Републички, кој со Уставот е така овластен и претседателот на државата е овластен овој предлог да го дава, тоа мој став и тоа Собранието го усвои и утврди. Тоа остана и веројатно ќе биде добро да остане и понатаму. Мислам дури и дека му помага на досегашниот претседател на Собранието полесно ова сега, ќе седевме ние, ќе чекавме уште, Комисијата за избори и именувања овие предмети сега ќе требаше таму да бидат. Но, не отидоа, се разбира, така не се работи.

Сакам пак да подвлечам што ми е намерата. Ако ние сакаме објективно да се однесуваме и спрема слабостите и спрема, да кажам, придонесите реални од луѓето мораме да пречекориме преку еден праг меѓу себе и да не гледаме непријатели, туку противници, различни ривали и различно гледаме по некои прашања. Тогаш ќе бидеме ослободени од емоции од емотивниот набој да памтиме долго некои работи непотребни да се оптоваруваме и себе итн. Затоа, моето излегување да го сфатите не со намера некого да го навредам, да го омаловажам или не знам што. Дојдов овде и навистина мислам оти влегуваме во еден период многу чувствителен, ќе имаме многу вакви случаи и ќе треба према луѓето исто така да бараме нивна одговорност, но и почит према личностите. Само тоа ми беше намерата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи Повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот. Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.(73 пратеници гласа за)

Дали има некој против? (не)

V/4.-

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Борко Станоевски е разрешен од функцијата гувернер на Народна банка на Република Македонија по негово барање.

Минуваме на точката 6 - Предлог за именување на гувернер на Народна банка на Македонија.

Предлогот ви е поделен. Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? Има збор г-дин Андов

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа, сега еве со оваа точка се комплетира нашата задача по овие две точки, бидејќи во дописот што го добивме од Претседателот на Републиката тоа е споено, како што видовте, но поради причини и законски и деловнички е овде во различно точки ставено. Ние, се разбира, не смееме да останеме без гувернер. Општо познато нам ни е познат г-динот Трпевски како човек кој работи подолго во оваа област и научно работи и практично работи. Ние, се разбира, во една земја, нема ваква мала земја, како што е нашата,иако некој се лути кога ќе кажеме оти е мала земја, нема 5.000 или 10.000 илјади луѓе за такви места. Тие се неколку луге кои таа работа можат успешно да ја работат. За жал, живееме во почетно време на нашата демократија и тоа место сега очигледно исполитизирано. И такво место сега се наметнува дека треба да доаѓа по некои партиски односи, вагања вакви или такви итн.

V/5.-

Гувернерите на народните банки многу често се избираат без ограничување на мандатот. Ако е тераат работата ќе ја тераат додека му е мандатот, па ги знаеме успешните гувернери. Сега му го заборавив името на Гувернерот на Германската банка, кои заедно со потпретседателот на Владата Ерхард во 60-тите години, доцните 50-тите и 60-тите години, се разбира тоа е многу одамна фактички ги утврди темелите на Германското економско чудо и истовремено ги јакнеше интеграционите процеси во Западна Европа. Се менуваа влади и од истата партија и од иста коалиција и од други коалиции. Но, ниту на Гувернерот не му беше паднало напамет нешто на владите да им помага, ниту пак владите мислеа дека за секој свој период мандат да си стават свој Гувернер. Парите, нивното објективно дејство, нивната објективна функција се многу посилни од таква или таква политичка опција. Ние само сакаме да кажеме дека е многу значајно сега да избереме човек што пошироко ќе ни се верува во Државата . јас морам да кажам овој пат заради тоа што одговорноста на Владата е комплетно замаглена околу состојбите во ТАТ, а сегашниот кандидат за гувернер, потпретседателот на Владата во таа област имаше надлежности. Делумно паѓа сенка и на неговата улога во сите тие работи. Не зборувам за оперативна улога. Морална, политичка улога и политичка одговорност. само тоа е што не се водеше оваа постапка правилно, што немаше транспарентност, што се замаглија работите, што сите имаат чувство дека тука се поста- вени некои бирократски бариери за да дознаеме што се случи со тие огромни 'суми пари во ТАТ и другите штедилници и измамените десетици, десетици илјади граѓани. Само поради тоа, ние ценејќи ги инаку професионални способности на Г-динот Трпески сега ќе се воздржиме од гласање.

Г-динот Љубисав Иванов има збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Г-дине претседаделе, дами и господа,

Нормално е ние како партија да се гордееме што°башата партија еве излегуваат и вакви кадри, а тоа е сосема нормално и прилега на една ваква партија. Меѓутоа, тешко е да се најде дека некој некаде не членува или не е во некоја партија, меѓутоа, битно е кога ќе Дојде на вакви функции се деполитизира и ги штити интересите на друштвото, државата, народот итн. а не и интересите на една партија. Според тоа, ние ако појдеме од тоа да бараме на такви места да поставуваме луѓе кои не биле на партиска функција, ќе ни биде многу тешко, а ќе биде и тешко да обезбедиме квалитетни луѓе, ама мислам ние сме, така да кажам младо партиско општество, па и понатаму во тој поглед и како друштво и како народ ќе се изградуваме.

Тешко е и да не се каже, да не се изнајде и некоја замерка за било кои и за било каде, меѓутоа, ако се земат квалитетите, вредностите, способностите итн. мислам дека и она што може да се извлече некаде од длабочината тоа претставува без- значајна вредност.

Затоа, денес ние треба да го поддржиме човекот за гувернер не како член на некоја партија, туку како човек, како способен, како оквалификуван, како научен работник, човек кој поминал низ еден процес како што доликува за еден Гувернер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам,дали уште некој бара збор?

Г-дин има збор Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, сакав само да информирам во делот на дискусијата на г-динот Андов каде што беше спомнато дека одговорноста на Владата во делот на штедилниците е замаглена. Никакви магли и замаглувања нема, туку сосема е јасно дека Владата ниту било каква надлежност, ниту овластувања има да врши контрола врз штедилниците и банките. Точно е лоцирано со Законот дека надлежност е на Народната банка и овластувања да врши контрола над работата на штедилниците и банките.

Според тоа, мислам дека не треба да се фрла никаква сенка врз предлогот на господинот Трпески за било каква одговорност негова во врска со настанатата состојба со штедилниците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Андов, реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа

Јас ова кога го велам дека одговорноста на Владата е замаглена, не го велам само како шеф на опозиционата пратеничка група на Либерално демократската партија, туку како човек кој имал некоја улога во изградувањето на нашите институции, дали на некој тоа му се допаѓа или не, и кои чувствува одговорност за тоа што станува со нашите институции понатаму, и што перспектива ни се спрема натаму.

V/8.-

Ако ги замаглуваме работите некогаш можеби и навистина некого ќе измамиме. Но, се разбира тоа ќе се открие. Дека Владата е еднакво одговорна, како и Народната банка и за случајот ТАТ и за другите штедилници веќе и на децата им е јасно, а Влада- та само потврди.

Целата контрола во ТАТ делумно ја прави Народната банка и нејзината Супервизорска екипа, делумно органите на Владата, Министерството за внатрешни работи и Министерството за финансии, тоа што не се успеало во остварување на контролата е еднакво за Народната банка неуспех и за Владата. Тука нема никакви дилеми во тој поглед.

На крајот на краиштата ова не е монетарен проблем пробој на плафоните, на кредитите, на лимитите итн. Се работи за криминал што многу помалку може да го контролира Народната банка, отколку другите органи на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

А по тоа не го видиме, тоа значи дека ги затвараме очите пред фактот, како може да му се стане на пат на криминалот. Ако за тоа не сме свесни и натаму ќе имаме неодговорна Влада и натаму ќе цвета криминалот. Заради самата Влада и заради вас и нас сите и заради сите граѓани, тој став го заземам овде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (11)

Констатирам дека Љубе Трпевски е именуван за гувернер на Народната банка на Република Македонија.

Во ваше и во мое име му честитам за именувањето и му посакувам многу успех во вршењето на оваа одговорна функција.

Констатирам дека со именувањето за гувернер на Народната банка на Република Македонија, на Љубе Трпевски му престанува функцијата министер во Владата на РМ.

Минуваме на точка седум - Предлог за донесување на закон за обезбедување на средства во форма на кредит за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Г-динот Слободан Најдовски бара да постави процедурално прашање.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, Или кратко памтиме, или се лажеме.

Г-динот Алил Џаферовски излезе овде на говорница и во името на пратеничката група на СДСМ рече да ги помериме овие точки од тие причини да ги поминеме само овие точки и тука ќе престанеме, а наредната недела ќе продолжиме по оваа точка.

Вие за тоа гласавте. Сега наеднаш вие продолжувате со работа по оваа точка.

Прашувам, дали тој не изнесе правилен став или сега повторно се прави некој смеќарлук.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Најдовски еве јас ќе ви предложам, мислам дека е умесен предлогот, да имате можност и до продолжението на седницата подобро да го проучувањето излагањето на министерот Таки Фити, да го сослушаме уводното излагање и после да ја прекинеме седницата а да продолжиме во идната недела.

Дали се согласувате со овој предлог? (се согласуваме)

Има збор г-динот Таки Фити, министер во Владата на Република Македонија.

**ТАКИ ФИТИ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа, господа пратеници .

Јас би сакал денес со едно кусо вонредно излагање да укажам, од една страна на основните принципи и начела од кои што се водеше Владата на РМ при предлагање на овој закон и сосема накусо да коментирам дел од предложените решенија инкорпорирани во самиот закон. Мислам дека тоа е многу битно, затоа што и покрај овој евидентен напор што Владата на РМ во една ваква ситуација го прави за

определено обесштетување на граѓаните кои што имаат свои депозити во овие три штедилници, недоволно јасно е сфатен можниот приод и начин на обесштетување на граѓаните, меѓу другото затоа што, и најверојатно што и проблемот не е доста исполитизиран.

Прво, сакам да потсетам дека овој закон се однесува само за трите штедилници. Тоа се: ТАТ "Алфа С" и "Лавци" за кои НБМ своевремено издала дозвола за нивно работење. Според тоа, законот не се однесува на други претпријатија.

Втор принцип што мислиме дека е многу битен, се огледа дека во тоа што станува збор за исплати на главнината на штедните влогови на семејства. Значи, не станува збор овде за , така да кажам, инволвирање на Владата и интервенција со соодветни средства за исплата на основните влогови и на каматите, туку само за главнината на штедните влогови без камати.

Трето, при самото концептирање на законското решение ние се водевме од определен принцип, ако можам така да кажам на правда и правичност и мислам дека неколку релевантни моментни се врзани за овој принцип.

Прво, се покажа дека е релативно голем бројот на граѓаните ко депонирале штедни влогови во овие штедилници, а во кои контролите и супервизијата на НБМ утврдија егзистенција на елементи на пирамидално штедеше. Според тоа таквите штедилници не се во можност нормално да ги сервисираат обврските спрема граѓаните односно нормално да ги враќаат депозитите, штедните влогови на граѓаните.

Без оглед на тоа што трите штедилници располагаат со реален имот, се разбира 'дека е потребно време за тој реален имот да се претвори во пари, да се продаде и да се формира соодветната стечајна маса за обесштетување на граѓаните кои што штедат во овие штедилници.

Едноставно неопходно тој временски јаз да се премести односно Владата да интервенира со преголеми средства за да после еден континуитет на обесштетување на граѓаните, до оној момент додека почнат да стигнуваат реални пари со продажба на имотот на штедилниците.

Исто така во рамките на овој принцип на правичност на кој што држиме е секако и тоа што велиме дека станува збор за кредитирање - кое ќе биде, се разбира, безкаматно и линеарно, ќе ги опфати сите семејства што беа инволвирани во овој тип на штедење.

Самиот назив на законот, јас морам да кажам дека направи, можеби, малку конфузија, бидејќи станува збор за предвремено кредитирање, но на тој принцип ќе се навратам малку подоцна и ќе го објаснам не само за пратениците туку, се разбира, и за штедачите и пошироко за граѓаните.

Четвртиот принцип беше да одиме на посебна заштита на ситните штедачи и мислиме дека предложеното решение тоа апсолутно го обезбедува, бидејќи сумата со која што Владата интервенира, секако е ограничена. Меѓутоа, вакво решение, интервенција со оваа сума од околу 20.000 ДМ овозможува сите ситни штедачи, со основен влог до 3.000 ДМ да бидат обесштетени комплетно, во поглед на враќање на главнината. Значи сите оние семејства кои имаат депонирано основен влог во противвредност од 3.000 ДМ, со ова решение во периодот од шест месеци ќе бидат наполно компензирани и нивната главница ќе биде вратена. Тоа е многу битно, бидејќи на овој начин, спротивно на она што се тврдеше често пати, особено од Одборот на штедачите, на овој начин ќе се обесштетат, фактички 60% од вкупниот број на штедачи што воопшто не е за занемарување, туку напротив факт за респектирање и тоа треба јасно да се повтори, бидејќи не е логично штедачите воопшто да не го прифаќаат ова законско решение ако 60% од вкупниот број на штедачи односно сите семејства со влог до 3.000 ДМ. ќе бидат

обесштетени односно нивната главница ќе им биде вратена.

Ние велиме дека одиме на еден тип на кредитирање на оваа ситуација. Зошто?

Ако сакате и формално правен аспект, работите се многу чисти. Формално - правниот аспект ако се гледа само, Владата нема обврска законска во~ваква ситуација да интервенира. Меѓутоа, респектирајќи го фактот дека релативно голем број на луѓе што штеделе во вакви штедилници и дека една категорија од тие луѓе, особено тоа се однесува на ситните штедачи, најверојатно влегува во категоријата на социјално загрозени луѓе. Вие знаете дека тука меѓу другото станува збор и за стечајни работници кои, едноставно, парите што ги добиле со напуштање на работното место ги вложиле во штедилниците и затоа мислевме дека е многу значајно од социјален аспект Владата во оваа ситуација да направи напори и покрај ограничените материјални можности, за да се релавитизираат социјалните тензии во земјата, да се ублажат политичките тензии во земјата, а на крајот на краиштата, мислам дека една ваква интервенција на Владата има и свој економски резон, од простата и едноставна причина што, ако не се врати довербата на штедачите кон постојните финансиски институции тогаш не можеме долгорочно да планираме на зголемување на штедењето, а сите добро знаете дека штедењето е еден од најзначајните извори на финансирање на инвестициите, а со тоа автоматски и за финансирање на стопанскиот развој на земјата.

Меѓутоа, кога велиме дека парите се даваат на кредитна основа, сакам исто така да бидам дециден и јасен. Приоритет во наплатата ќе имаат штедачите. Значи, додека не се исплати главницата на штедачите тие средства нема да се враќаат на државата. Државата евентуално би

ги повратила ако има вишок на  средства од стечајната маса претходно да се покрие главницата на сите штедачи, па ако останат  тие пари, тогаш Владата би ги повратила таму од каде што самите пари излегуваат, дел во НБ дел во Буџетот на РМ. Според тоа и штедачите, граѓаните кои што имаат свои депозити тука не треба да бидат згрижени. Основен приоритет, целта на овој закон е тие да се компензираат и ние со тоа, пак ќе повторам, со ова решение тоа го правиме и 60% од луѓето што штеделе ќе бидат обесштетени.

Шесто, сите три штедилници одат во нормална редовна стечајна постапка . Мислиме дека од формално правен аспект тоа е единствено можно решение. Секое друго решение може да биде и оспорено односно законот може да биде по судски пат оспорен.

Седмо, ова решение не се однесува на штедачите кои користеле бенефицирани каматни стапки, да не кажам шпекулативни, па преку 100% од нивната главница на тој начин била повратена, преку користење на високи камати.

Законот, исто така, не се однесува и на оние штедачи кои од штедилницата користеле кредити по бенифицирани стапки односно земале кредити по вонредно ниски стапки. Се разбира овде нема да бидат погодени граѓаните кои што штеделе со каматни стапки кои во основа, самата штедилница ги објавила, ги публикувала и во основа биле во согласност со постојната одлука во соодветниот период на НБМ.

Осмо, овде ние предлагаме едно законско решение односно во еден член се предлага решение, штедните влогови поголеми од 50.0 00 ДМ од- носно луѓето кои што ги депонирале, да имаат право на мирување, откако претходно ќе го докажат потеклото на средствата депонирани во штедилницата.

И деветтиот принцип кој исто така е многу битен, се однесува на следното:

Владата интервенира со овие средства, меѓутоа не по цена на нарушување на макроекономската стабилност на земјата. Ние разговаравме, преговаравме и се усогласивме со монетарниот фонд, дека, доколку се интервенира со една ваква сума, значи. денарска противвредност од 20.000.000 ДМ со ништо нема да се загрозат. фундаменталните принципи на макроекономската стабилизација во земјата. Со други зборови тоа е сума до која максимум ние можеме да одиме. Преку тоа ниту има реални средства, а ние во никој случај не можеме да интервенираме, до колку за ова не се обезбедени реални средства. Значи, нема печатење на пари за оваа намена, тоа е апсолутно исклучено, а станува збор за реални извори на средства.

Предмет на обесштетување според овој закон, почитувани пратеници, е семејството. Ние појдовме на семејството и мислевме дека во оваа ситуација тоа е подобро решение, се разбира, станува збор за потесното семејство, онака како што во соодветни законски прописи тоа е и дефинирано, бидејќи многу ни беше битен социјалниот аспект. Во рамките на едно семејство се земаат штедните влогови на сите членови, а и супервизијата кога ја правеше НБ ги изгрупира фактички, одделните партии односно штедни влогови по овој принцип, на тој начин што ги споредуваше името презимето и адресите и онаа состојба на основна главница од 47.000.000 ДМ е врз таа основа до- биена. Според тоа и самото обештетување ќе оди на семејството. Едноставно целта е во ваква ситуација сите семејства, особено оние што материјално и финансиски стојат послабо, да можат во еден период од шест месеци, кој што го премустува државата со тоа што интервенира со свои средства да дојдат до неопходните средства за да се ублажат евентуалните социјални проблеми, а се разбира во некои семејства дури станува збор за егзистенционални проблеми, луѓе кои што имаат мали приходи.

Инаку, до главницата е дојдено на тој начин што едноставно од постојниот депозит се одбиваат исплатените камати и препишаните камати. Тоа е техника што ја правеа супервизорита на НБМ.

Владата интервенира со сума од540.000.000 денари, а при тоа станува збор за три реални извори кои ќе се употребат за оваа намена:

Прво, од вишокот на приходите над расходите, по завршната сметка на НБМ за 1996 година, а тој вишок на приходите над расходите во НБМ за минатата година е 150.000.000 денари.

Второ, од паричните средства на Фондот за основни средства на НБМ во износ од 160.000.000 денари и

Трето, од Буџетот на РМ за 1997 година, во износ од 230.000.000 денари.

Уште еднаш да повторам, вака формираните средства се исплатуваат во еднакви месечни рати, за секое домаќинство или семејство најмногу до 13.500 денари, тоа фактички е 500 ДМ , во периодот до завршување на стечајната постапка, тука се гледа тоа премостување што го прави Владата. И овде стои , не подолго од шест месеци, од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Значи, пак да повторам, битно е тоа за штедачите во еден период од шест месеци, со исплата на секое семејство, линеарно, без оглед на големината на влогот , ќе добие , за период од шест месеци, по 3.000 ДМ и пак ќе повторам, на ТОЈ начин 60% од вкупниот број на штедачи ќе бидат компензирани.

Еве тоа се најбитните работи што се врзани со овој закон. Инаку станува збор за кус закон коп ги лоцира проблемите на овој начин како што објаснив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како што се договоривме, овде прекинуваме со расправа.
Со седницата продолжуваме во вторник, 27 мај во 10,00 часот
(седницата прекина со работа во 19,20 часот.